**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-503/7**

**Скопје, 26.10.2006 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА САРАЈ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката за Наменски дотации на Општина Сарај за 2005 година, кои се прикажани на страните од 3 до 4 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финисирање на Единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Имер Селмани, Градоначалник на општина Сарај, во 2005 година.

4. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

5. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 13.06 2006 до 14.06.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

6. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната

ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.1.1. На сметката Наменски дотации на општина Сарај на 31.12.2005 година има салдо од 1.412 илјади денари. Согласно финансиските планови на корисниците, овие средства не се потрошени, иако буџетската година е завршена. Непотрошените средства се по основ на повеќе дозначени средства за патарина за ученици, која дотација од Министерството за образование не е усогласена со измената на планот доставен од општината. Неусогласеноста на плановите со потребите и со закон утврдените права, придонесува на сметката за наменски дотации да има салдо на 31 Декември.

**Препорака:**

Динамиката на дотираните средства да биде усогласена со стварните потреби и плановите, а средствата на сметката за наменски дотации да се трошат за намените за кои се дотирани од Буџетот на Република Македонија во текот на буџетската година за која се дотирани согласно финансиките планови на корисниците на тие средства.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за наменски дотации на Општина Сарај на ден 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Сметката за Наменски дотации на Општина Сарај остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје, 20.10.2006 година**

**Општина Сарај - сметка за наменски дотации**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | **3.1.1** | 4,085 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **4,085** | **0** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | **3.2.1** | 2,673 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **2,673** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **2,673** | **0** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **1,412** | **0** |

**Општина Сарај - сметка за наменски дотации**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1,412 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1,412** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **1,412** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 1,412 | 0 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **1,412** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **1,412** | **0** |